Радио Слободна Европа

**ВЕСТИ**

# Реакција на ЗНМ за СЈО и случајот на Божиновски

август 12, 2016

Здружението на новинарите на Македонија(ЗНМ) ја поздравува одлуката на Специјалното јавно обвинителство(СЈО) да побара да го преземе предметот на новинарот Зоран Божиновски, кој од април е во притвор поради сомнение за извршени три кривични дела.

„Веруваме дека Специјалното јавно обвинителство ќе води покредибилна и поефикасна постапка за случајот на новинарот Божиновски и ќе помогне вистината побрзо да излезе на виделина", велат од ЗНМ.

Остануваме на ставот дека апсењето на Божиновски е политички мотивирано затоа што власта ги злоупотребува законите и институциите неосновано да ја ограничи слободата на медиумите. Веруваме дека Божиновски е притворен со единствена цел да се спречи да објавува нови коруптивни скандали против власта, додаваат од ЗНМ.

Radio Free Europe/Radio Liberty © 2016 RFE/RL, Inc. All Rights Reserved.